**20110451206**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРЕТХОДНИТЕ И ПОДГОТВИТЕЛНИТЕ РАБОТИ ЗА ПРОЕКТОТ „ЛУКОВО ПОЛЕ И ДОВОД НА КОРАБСКИ ВОДИ", КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ - СВЕТСКАТА БАНКА И А.Д. ЕЛЕМ

Се прогласува Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на претходните и подготвителните работи за Проектот "Луково поле и довод на Корабски води", кој ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка и А.Д. ЕЛЕМ,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 6 април 2011 година.

Бр. 07- 1893/1
6 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРЕТХОДНИТЕ И ПОДГОТВИТЕЛНИТЕ РАБОТИ ЗА ПРОЕКТОТ "ЛУКОВО ПОЛЕ И ДОВОД НА КОРАБСКИ ВОДИ", КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ - СВЕТСКАТА БАНКА И А.Д. ЕЛЕМ

Член 1

Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем за финансирање на претходните и подготвителните работи за Проектот "Луково поле и довод на Корабски води" кој ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка и А.Д. ЕЛЕМ во износ од 3.000.000 УСД, во рокови и услови предвидени во Договорот за заем, доколку А.Д. ЕЛЕМ не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 на овој закон се утврдуваат со Договор за заем, кој ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка и А.Д. ЕЛЕМ за финансирање на претходните и подготвителните работи за Проектот "Луково поле и довод на Корабски води".

Член 3

Сите обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од членот 1 на овој закон, како и сервисирањето на заемот ќе го врши А.Д. ЕЛЕМ од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем.

Член 4

Доколку на или пред 29 јуни 2012 година, се склучи Договор за заем за Проектот "Луково поле и довод на Корабски води" меѓу А.Д. ЕЛЕМ и Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка, целокупниот износ на повлечени средства од заемот од членот 1 на овој закон заедно со пресметаната камата ќе бидат отплатени кон Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка на начин и услови кои ќе бидат предвидени во Договорот за заем за Проектот "Луково поле и довод на Корабски води".

Доколку на или пред 29 јуни 2012 година, поради кои било причини не се склучи Договор за заем од ставот 1 на овој член или истиот се склучи, но потоа се прекине и не стане ефективен, отплата на заемот од членот 1 на овој закон ќе се врши:

а) доколку износот на повлечени средства од заемот од членот 1 на овој закон не надмине 50.000 УСД, тогаш тој износ заедно со пресметаната камата ќе бидат отплатени кон Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка одеднаш во рок не порано од 60 дена по добивање на известување од страна на Меѓународната банка за обнова и развој -Светската банка за достасаната обврска и

б) доколку износот на повлечени средства од заемот од членот 1 на овој закон надмине 50.000 УСД, тогаш тој износ заедно со пресметаната камата ќе бидат отплатени кон Светската банка во десет еднакви полугодишни рати, при што првата рата ќе достаса за отплата во рок не порано од 60 дена по добивање на известувањето од страна на Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка за достасаната обврска.

Каматната стапка е шестмесечен ЛИБОР на американски долари со фиксен распон и ќе се отплаќа секој 15 јануари и 15 јули во годината.

Член 5

За регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Договорот за заем и Договорот за гаранција, Министерството за финансии и А.Д. ЕЛЕМ ќе склучат посебен договор.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".